

Венко Андоновски

# КАКО НИМИЦ ЌЕ ЈА ПРЕИМЕНУВА „ТАА ЗЕМЈА“, **МАКЕДОНИЈА**, ВО БИБЛИЈАТА?

„Република Македонија треба да прифати име за меѓународна употреба што ќе се разликува од нејзиното уставно име. Таквото име треба да биде единствено, да важи за Македонија, за Грција и за целата меѓународна заедница. Ваквиот предлог е содржан во документот што им го претставил посредникот Метју Нимиц на преговарачите во македонско-грчкиот спор за името, Никола Димитров и Адамантиос Василакис, завчера во Њујорк“, јавија македонските печатени медиуми во саботата. Државниот врв го отфрли предлогот и продолжи „да прави анализи“.

Е па, да анализирам и јас нешто што можеби треба да му се пренесе на Нимиц. Треба некој да му каже дека неговиот предлог сериозно им се заканува не само на Македонија, не само на македонскиот народ, туку и на најпопуларната книга на планетава, источникот на сета светска литература: Библијата ќе мора да претрпи сериозни измени, оти ваква каква што е – не е по мера на Нимиц и на неговиот предлог.

Македонија е Библиска земја: се споменува во Библијата, како место на кое бил упатен апостол Павле да го шири словото Божјо. Во „Дела на светите апостоли од светиот апостол Лука“, во Новиот завет, се вели: „И кога ја напуштија Мизија, тие слегоа во Троада. Преку ноќта имаше Павле видение: стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: 'Премини во Македонија и помогни ни'. По тоа видение веднаш посакавме да тргнеме за Македонија, бидејќи разбравме дека Господ нè повикал таму да го проповедаме Евангелието“ (Дела 16, 8-9).

Тоа е првата појава на Македонец во Библијата именуван со неговото природно (а не само „уставно“) име. Интересно е дека тој не се именува самиот како Македонец, туку тоа го прави Божјиот глас, светиот наратор на Библијата – сезнајниот раскажувач. Јасно се вели, преку раскажувач во трето лице: „стоеше пред него еден човек, Македонец...“ Основна одлика на раскажувачот во трето лице, односно – омнисцентот (сезнајниот расказен глас), во сите теории на литературата е – дека нема сомневање во вистинитоста на информациите што ги изнесува. Неговите информации се прифаќаат без да подлежат на тест на вистинитост.

Значи, тоа бил Македонец и - точка. Според Нимиц, како и според грчката шовинистичка политика во спорот со името на нашата држава, апостол Павле требало во своето видение да го легитимира човекот, Македонецот, па да го праша: дали е Македонец од ФИРОМ или е Македонец од сегашна Грција? Веројатно Грците би рекле дека тој Македонец, што му се јавил на Павле, воопшто и не бил Македонец, туку Грк, ама Библијата не вели Грк, туку – Македонец. Значи, можно е да бил Македонец од денешна Грција, и јас не го спорам тоа. Ама, бидејќи сегашниве Грци велат дека кај нив никогаш немало и нема ни да има Македонци ниту за лек, сè некако излегува дека тој Македонец бил - од денешна Република Македонија.




Но, бидејќи денешниве Грци не признаваат дека има Македонци во денешна Република Македонија, бидејќи не даваат да постои ни Република Македонија во денешна Европа, следува дека тие и Нимиц директно стануваат против Библијата. Односно, сакаат да покажат дека оној Македонец од Библијата денес нема и не треба да има своја матична земја, дека му припаѓа на некој мртов, непостоен народ (нема правни наследници, стручно кажано). Како таков, тој збор, „Македонец", останува само „празен" збор во речникот за кој нема корелат во стварноста, па станува бесмислена ролја во Светото Писмо. Е како така, кога се знае дека во Библијата нема ниту ред – бесмисленост и празнословие, и дека празнословието се смета за еден од најголемите гревови? Со таа Нимицова и грчка интерпретација тој Македонец станува „неподобен" лик во Библијата, па и патувањата на апостол Павле (две мисии за кои сведочи Светото Писмо) – веројатно, не постоеле!? А, и ако постоеле, би требало да бидат политички цензурирани и избришани од Библијата! Оние пасуси каде што се говори за Македонија, треба со амандман да се преиначат на тој начин што наместо „Македонија" ќе се впише зборот „Грција", а наместо „Македонец" ќе се впише зборот „Грк".

Па, нека му ја мисли апостол Павле дали во видението видел Грк или Македонец. Ако сака да го примат во ЕУ, можеби и ќе се размисли и премисли. А и Господ ќе треба да размисли со какви непостојни имиња за народи се служи во Своите писанија! Ако сака да го примат и Него во ЕУ, се разбира. Оти, Европа покажа дека може и без него, повеќепати. Последен пат беше во 1918 година, кога ја расчеречи Неговата Библиска земја, каде што Павле беше го проповедал најраното христијанство на Балканот. Таа година им ја подели Македонија како погача - на Грција (Егејска Македонија), Бугарија (Пиринска Македонија) и на Србија, односно Кралството СХС (Вардарска Македонија). Сега сака да ја ликвидира и последната третина што остана да ја брани честа (веродостојноста) на она фрагментче од Библијата!

Така, Нимиц станува најважниот постмодерен реформатор на палимпсестот Библија. Тој е гениј: прави персифлажа и на свети текстови. За таа негова заслуга треба богато да биде награден, со уште некој предлог од наша страна. На пример, за да нема лутење, која Македонија била „стара", а која „нова" (каква глупост – да инсистираш да бидеш што постар во време на целосна глобализација која со себе носи само нови нешта), да се предложи да се преименува цела Грција во „Јужна Македонија". Така и ние би останале „Република Македонија". И не само тоа: тогаш веројатно не би се расправале од каде дошол оној Македонец во Библијата и му влегол во видението на апостол Павле.

Проблемот е само дали и кога тој Македонец ќе влезе во видението на апостолот Нимиц.

(Авторот е професор на Филолошки факултет)